| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Воздухот - живот значи |
| **Содржина на денот** | Цртаме множество |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и поширокота околина (сл.1). |
| **Активност** | Најпрво објаснете му го на детето поимот множество. Можете да земете неколку обрачи во разни бои и кажете му на детето дека затворените линии го претставуваат множеството. Еве примери од неколку активности:<br>(За овие активности ќе бидат потребни логички плочки кои можете заедно со детето да ги изработите, обрачи во разни бои, и бројки).<br>1. Во син обрач-множество посочете му на детето да стави 2 сини триаголници, во зелениот обрач 3 жолти, а во црвениот 6 црвени триаголници. Правете го тоа постапно. Воочете заедно со детето дека заедничко за  овие множества е дека се направени од триаголници. Доколку детето ги препознава бројките можете да го насочите да ги стави соодветните бројки пред множеството, кои можете да ги нацртате на листови во боја (сл.2).<br>2. Потоа детето нека формира множества од различни по форма и по боја логочки плочки. Пр:во синото множество стави 2 квадрати, во зеленото три триаголници, а во црвеното множество четири круга (сл.3).<br>Потоа дозволете му надетето на лист од блок да нацрта затворена линија која ќе претставува множество.3 а оваа активност ќе Ви бидат потребни слики кои можат да направат множество од сродни елементи. Ставете ги сликите околу множеството и посочете му на детето да направи множество од играчки (сл.4), множество од зеленчук (сл.5), множество од превозни средства (сл.6). Се разбира Вие можете да користите други слики кои ќе ги најдете во списанија или пак да испринтате и да ги обоите и да ги исечете.<br>На лист од блок детето нека нацрта затворена линија која ќе претставува множество и внатре нека претстави множество од три триаголници, четири сонца (сл.7,8). |